**Број на невработени лица освен невработени лица Роми кои аплицирале и склучиле договор за мерките за вработување за период јануари - декември 2020 година**

| програма/мерка | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Подршка за самовработување | | Поддршка за креирање на работни места | | Обука | | Обуки за развој на дигитални вештини | | Практиканство | | Работно ангажирање | |
| Апликации | Склучени договори | Апликаци | Склучени договори | Апликаци | Склучени договори | Апликации | Склучени договори | Апликаци | Склучени договори | Апликации | Склучени договори |
| 2210 | 1455 | 2794 | 2323 | 1641 | 572 | 324 | 180 | 2706 | 1495 | 1006 | 856 |

**Број на невработени лица Роми кои аплицирале и склучиле договор за мерките за вработување за период јануари - декември 2020 година**

| програма/мерка | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Подршка за самовработување | | Поддршка за креирање на работни места | | Обука | | Обуки за развој на дигитални вештини | | Практиканство | | Работно ангажирање | |
| Апликации | Склучени договори | Апликаци | Склучени договори | Апликаци | Склучени договори | Апликации | Склучени договори | Апликаци | Склучени договори | Апликации | Склучени договори |
| 39 | 13 | 165 | 105 | 96 | 38 | 0 | 0 | 95 | 49 | 181 | 207 |

• Табела 1 - Во рамките на услугите за вработување (Помош при барање работа, Мотивациски обуки, Професионална ориентација и кариерно советување, Посредување при вработување и др.) од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година кои ги реализираше Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ), невработените лица, меѓу кои и невработените лица Роми добиваа информации, советување и други услуги за зголемување на нивните можности за вработување. Бројот на невработените лица Роми кои добиле услуги кои ги спроведува АВРСМ се прикажани во приложената табела „Преглед на вклученост (потпишани договори) на невработените лица Роми во активните мерки и услуги за вработување, според мерки, општини (сите општини), степен на образование и пол, за периодот од 01.01.2020-31.12.2020 година, од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година", во деловите кои се однесуваат на услугите за вработување. Напоменуваме, дека голем дел од невработените лица биле вклучени во повеќе различни услуги за вработување, како и во повеќе различни активности во рамките на една услуга за вработување. За учество во услугите за вработување за невработените лица, лицата не аплицираа за учество и не потпишуваа договори за учество , како за учество во активните програми и мерки за вработување. Невработените лица добиваа услуги за вработување преку различни видови информирање, известување и доставени покани од центрите за вработување за вклучување во одредена услуга. Исто така, лицата добиваа услуги и врз основа на искажаниот интерес за учество со јавување во центрите за вработување. Информации за можностите за зголемување на

вработливоста и вработување, добиваа  и сите лица кои покажале интерес за учество во активните програми и мерки за вработување. Информирањето на невработените и  други лица кои бараат работа се реализираше и преку  Веб порталот на АВРСМ, преку печатени и електронски медиуми како и низ секојдневните контакти со вработените во центрите за вработување.